Христо АНДОНОВ-ПОЛЈАНСКИ

# АНТОН ДРАНДАР И НЕГОВИТЕ СТАНОВИШТА ПО МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ

ИСТОРИЈАТА на политичката мисла во Македонија содржи широк и разновиден спектар на доктрини, поставки и идеи, кои фундаментално ја одредувале визијата на политичкото уредување, изградена врз логиката на историјата и на историската традиција. На преминот од XIX кон XX век бил претставен цел еден сплет на такви доктринарни поставки, кои резултирале од необично богатото политичко, национално-ослободително и револуционерно раздвижување во Македонија во тој преломен период од современата историја на македонскиот народ. Основната доктринарна концепција во Уставот на ТМОРО од 1896 година за обезбедување на самобитниот и самостојниот македонски политички организам служела како појдовна точка во понатамошното образложување, усовршување и надминување на тој концепт на политичката мисла. Тоа предимно зависело од постојните општествено-економски услови, од носителите на тие доктринарни поставки и од нивната класна и идеолошка поставеност. Истовремено, поради постоечките услови на политичко, национално и социално угнетување, се појавила и таканаречената двојственост или пак обид по еволутивен пат да се дојде до определената вистинска концепција по македонското прашање. Таквите појави воглавно ги среќаваме кај македонските средини во странство, кои далеку од својата родна земја, опфатени од чувството на носталгија кон патилата и од љубов кон својот поробен народ, а и под особено силно влијание на европските политички идеи, настојувале да го дадат својот скромен придонес за правилното толкување на вековните желби за слобода и најпригодните начини во политичкото програмирање на справедливата концепција за самостојниот развиток на Македонија. Таков еден обид направил македонскиот деец, новинар и публицист Антон Драндар, една високо интелегентна и образована личност во Македонија од втората половина на XIX, и првите децении на XX век.

## 1.

За ликот и делото на Антон Драндар постојат скудни податоци, за тоа сосема малку е пишувано во историографијата. Така, В. К'нчев го одбележува првенството на неговата фамилија во општествениот живот на Велес во XIX век.[1]) Хр. Чочков ја наредува неговата фамилија меѓу бележитите фирми во Велес во XIX век.[2]) Истото тоа го наоѓаме и кај Т. Шоптрајанов,[3]) и Д. Зографски.[4]) На привилегиите што ги имала оваа фамилија со добивањето на специјален берат од Султанот се задржуваат Д. Зографски,[5]) и Љ. Лапе.[6])

Биографските податоци за дејноста на А. Драндар се со ограничен карактер. Во ново објавената документација за Кресненско-Разлошкото востание од 1878/1879 година се среќава неговото име (како Андон Драндаров) и како дарител на помош за сметка на брат му Константин, борец во македонските доброволечки одреди.[7]) Во еден преглед на Македонците — учесници во културниот и во политичкиот живот на Бугарија тој е набележан како публицист од Велес.[8])

Обид за поцелосен опфат на неговата биографија направи Д. Зографски, и тоа во еден енциклопедиски биографски осврт.[9])

Подетални податоци за неговата биографија наоѓаме во една јубилејна статија посветена на неговиот портрет, што ја објавил „Лајпцишкиот Илустриран весник“ (Leipziger Illustrirte Zeitung) на 21 март 1907 година. Во овој материјал изнесени се интересни факти за животот и делото на А. Драндар и даден е општ преглед на неговите трудови.[10])

---

[1] К., Сегашното и недавно минало на град Велес. — Псп XL (1892), 67.

[2] Хр. Чочков, Град Велес. София 1929, 43.

[3] Т. Шоптрајанов, Сто години гимназијално образование во Велес. Скопје 1960, 20.

[4] Д. Зографски, Сопанскиот живот на Велес во XIX и во почетокот на XX в. — Годишен зборник на Економскиот факултет 1958, 182.

[5] Д. Зографски, Развитокот на капиталистичките елементи во Македонија за време на турското владеење Скопје 1967, 198.

[6] (Љ. Лапе), Историја на македонскиот народ. Кн. II. Скопје 1969, 21.

[7] Български Патриарх Кирил, Съпротивата срещу Берлинския Договор. Кресненското въстание. София 1955, 269.

[8] Les Macédoniens dans la vie culturo-politique de la Bulgarie. Sofia 1919, 63. (Во наведеното погрешно е дадено неговото име како — Александар, наместо — Антон).

[9] D. Z., Drandar Anton. — Enciklopedija Jugoslavije 3. Zagreb 1958, 79.

[10] Préface de l'Éditeur. Biographie de M. Drandar (publiée dans la Leipziger Illustrirte Zeitung du 21 mars 1907). — A. G. Drandar, La Bulgarie sous le Prince Ferdinand, 1887—1908. Bruxelles 1909, 9—13. (Vo овој труд е објавен и Бератот на султанот Махмуд II од 1836 година даден на Хаџи Георги Стефан Драндар од Велес (Македонија) (pp. 365—372)

## 2.

Антон Хаџи Георги Драндар Antoine Hadji Gheorg Drandar)[11]) (1837—1925) е роден во Велес во многу богата фамилија. Оваа трговска фамилија заземала предводничко место меѓу високиот граѓански слој на Велес и по своето богатство и развиени трговски врски низ цела Македонија, Балканот и Европа, спаѓала во редот и на високото македонско граѓанство од првата половина и средината на минатиот век. Токму поради тоа Високата Порта ѝ дала специјални привилегии. Татко му на Антон Драндар — Хаџи Георги Драндар добил од Султанот Мамуд Кан II во ноември 1836 година специјален Берат со привилегии.[12]) Според сочуваниот Берат на Хаџи Георги Драндар му биле дадени високи привилегии, кои ги давал Султанот само на најзаслужените и најбогатите претставници на тогашното високо општество во Отоманската империја. Бератот му определувал на носителот специјални привилегии, права и слободи во неговите трговски односи со Европа и за нивното поживо развивање. Тука се предвидени мерките за уживање на речените привилегии. Тоа се предимно права да се води слободно трговијата со Европа, Персија и Индија, ослободување од различни такси, заштита на правата во различни видови, заштита и гаранција на привилегиите и на потесната фамилија, како и други видови од областа на привилегиите.[13]) Тоа свидетелствува за истакнатата положба на семејството Драндар не само сред велешкото граѓанство, туку и во тогашното турско општество. Тоа е значајно за фактот што веќе во триесеттите години на XIX век се создале здрави основи на македонското граѓанство, кое започнало да игра улога и на виден фактор во стопанскиот живот на Отоманската империја.[13]а)

Токму во таква средина го поминувал своето детство А. Драндар. Поради развиените трговски врски што ги имал татко му со Австрија и Унгарија, тој бил испратен да се школува во Будимпешта. Во „Leipziger Illustrirte Zeitung“ се истакнува дека Будимпешта „им се видела на Македонците особено многу симпатична“.[14])

Во 1850 година, како тринаесетгодишен, А. Драндар го продолжил своето образование. Првин бил запишан на познатиот благороднички лицеј — Szönyi, каде се здобил со голема репутација

---

[11] Кај некој автори се срекава: Дрндар, Дрндаров.

[12] A. G. Drandar, La Bulgarie., 9 (Préface).

[13] A. G. Drandar, La Bulgarie., 365—372 (Appendice I — Le Bérat).

[13]а Семејството Драндар се ангажирало и во културно-просветниот живот· Така, Х. Г. Драндар во сп. „Читалиште (IV/6 (15. III. 1874/), 219—220) објавил статија под наслов: ,,Нешто за народното образование" пишувана на народен Велешки говор, (П. Завоев, Македонският език в старите български книги и списания. — Доброволец II/24 (9. X. 1946/1).

[14] Во оригинал. „. . . Budapest, ville qui se montrait plus particulière ment symptihque aux Macédoniens. . . " (A. G. Drandar, La Bulgarie., 9).

поради големата бистрина во совладувањето на наставата. Потоа своето универзитетско образование го продолжил на правните, политичките и дипломатските науки на Универзитетите во Виена и Лондон.[15]) Поради успешното совладување на споменатата настава, за него е речено дека имал силна интелигенција. Се наведува мислењето на еден од неговите професори — Унгарецот Csengyéry, кој му го рекол парафразирано она што Филип Македонски му го кажал на Александар: „Македонија е многу мала за тебе, мој сине, треба да бараш една поголема земја“.[16])

За усовршување на своите студии А. Драндар долго време престојувал во низа европски земји и тоа особено во: Англија, Франција, Холандија, Белгија, Швајцарија, Шпанија и во Германија. Насекаде имал интерес и се занимавал со прашањата на политичката организација на односната земја. Бидејќи дваесет и шест години престојувал во странство, стекнал едно комплетно познавање на европската цивилизација.[17])

По ослободувањето на Бугарија во 1878 година, А. Драндар се префрла во Софија и бидејќи, како што се вели во неговата биографија, имал антипатија кон јавните функции, ја избрал должноста потпретседател на судот. Но, по една година, го напуштил ова место за да стане шеф на печатот при министерството за надворешни работи. Тој бил организатор на првото биро за печат во Бугарија. Но, повторно по десет месеци, го напуштил и ова место, оддавајќи се на публицистика.[18]) Како таков соработувал во германски, англиски и француски весници и списанија, во кои како кореспондент пишувал за редица значајни и актуелни прашања од тогашната состојба на работите на Балканот, посебно во неговата поробена земја. Во неговата биографија стои дека останал — „независен писател“.[19]) Меѓутоа, потребно е да се истакне дека неговите становишта еволуирале и тој по преминувањето во Бугарија, особено по доаѓањето на Фердинанд во 1887 година за кнез на Бугарија, во своите статии внесувал толкувања на настаните од призмата на бугарската официјална политика и се однесувал со симпатии кон режимот на Фердинанд. Но, и покрај сè, не заборавал на својата несреќна земја, кон која, како што се вели во неговата биографија, останувал со длабока приврзаност.[20])

Сè до својата смрт во 1925 година останал забележителен со својата публицистичка дејност.

---

[15] A. G. Drandar, La Bulgarie,9.

[16] Во оригинал: „Kisci fiam neked Macedonia, keresned kell magadnak nagyobb országot. ” (Ibidem).

[17] Ibid., 10.

[18] Ibidem.

[19] Ibidem.

[20] Ibid., 13.

3.

Во опусот на Антон Драндар разликуваме две етапи. Првата го опфаќа периодот на неговиот престој во Европа до 1878 година и втората по преминот во Бугарија. Кај него исто така е карактеристична појавата што покрај трудовите што ги потпишувал под своето вистинско име и презиме, објавувал и такви со псевдоним. Токму во таа негова разноликост забележуваме и нееднакви толкувања или пак еволутивни разбирања и тоа особено по македонското прашање, кои се проткаени со интересни македонистички погледи.

За време на својот престој во странство А. Драндар настојувал пред европската јавност да ја изложи вистинската состојба на работите во Македонија. За таа цел во 1867 година го објавил трудот: „Положбата на христијаните во Македонија".[21]) Во истиот град по две години го објавил трудот: „Турската администрација во Македонија".[22]) Овие трудови третираат мошне интересни проблеми и имаат значење за историјата на македонскиот народ. Нивната вредност е уште поголема кога ќе се установи времето кога се објавени и од кои побуди авторот се определил токму на тие така значајни проблеми од поновата македонска историја. Со тоа тие, а и како дополна на трудовите на европските патеписци кои во шеесеттите години ја посетувале Македонија и ги публицирале своите впечатоци, комплексно ја запознавале европската јавност со приликите во Македонија. Не треба да се одмине фактот дека со овие свои така ценети трудови А. Драндар спаѓа меѓу првите пионери во историјата на политичката мисла во Македонија.

По 1878 година опусот на А. Драндар бил ориентиран кон проблеми на Балканот, Бугарија и Македонија. Така, во 1883 година во Париз објавил студија за прашањето на капитулациите и нивното укинување во Бугарија.[23]) Следната година пак во Париз ја објавил биографијата на Принцот Александар де Батенберг и неговото владеење во Бугарија.[24]) За бугарскиот трговски договор студија објавил во 1885 година,[25]) а за развитокот на политичките настани во оваа земја по 1876 година, студија објавил во Брисел во 1896 година.[26])

---

[21] Познат е по насловот изложен во биографијата на А. Драндар: „La situation des chrétiens en Macédoine. Leipzig 1867.

[22] Познат е по насловот изложен во биографијата на А. Драндар: „L'administration turque en Macédoine. Leipzid 1869.

[23] Во оригинал: „La question des capitulations et de leur suppression dans la principauté de Bulgarie. Paris 1883.

[24] Во оригинал: „Le Prince Alexandre de Battenberg en Bulgarie. Paris 1884. Во биографијата на А. Драндар насловот се предава видоизменето: „Cinq ans de règne (le prince de Battenberg). Paris 1884". (Op. cit., 11).

[25] Во оригинал: „Les traités de commerce et la question des octrois et accises en Bulgarie. Paris 1885.

[26] Во оригинал: „Les événements politiques en Bulgarie depuis 1876 juqu'à nos jours. Bruxelles 1896.

Во своите политички набљудувања А. Драндар поаѓал од еден поширок радиус. Така, во 1900 година во Брисел и Париз ја објавил студијата за ситуацијата на Словените и на Романците во Австро-Унгарија, со специјален осврт врз положбата на Хрватите.[27]) Посебно ги разработува националните борби и борбата против германизацијата и унгаризацијата. Излезот го наоѓа во федеративната држава.[28])

На проблемот на Македонија во првите години на XX век А. Драндар се задржува во неколку свои трудови. Во трудот за положбата на Бугарија под принцот Фердинанд (1887—1908), што го објавил во Брисел во 1909 година,[29]) ги третира дипломатските аспекти на македонското прашање и реформите од 1903—1908 година. Тој проблем го разработува аргументирано и со цитирање на односна дипломатска литература. Во образложението се задржува и на становиштата на европското јавно мислење по македонското прашање и на неколку пати го подвлекува познатиот лозунг на Вилијам Гледстон „Македонија на Македонците" и неговото прифаќање од страна на еден дел од британската јавност.[30]) Иако во некои толкувања се придржува до некои големобугарски тези, тој пледира во овој труд за политичко решение на македонското прашање. Според него, Македонија можела да биде организирана по моделот на Либан со една посебна влада. Тој предлага за управител да биде назначен принцот Буранедин (Burhaneddin), со подуправник — претставник од неутралните држави во Европа. Тоа управување ќе се контролирало од европските сили потписници на Берлинскиот договор.[31]) Неговиот проект не е нов, но е интересен и за времето кога бил поднесен. Тоа, А. Драндар го потенцира како можно и потребно за реализирање, бидејќи како што истакнува тој: „Македонското прашање е европско, но пред сè, е балканско".[32]) Тоа изискувало и должно признавање од страна на балканските држави.[33])

На проблемот на Македонија А. Драндар одново се задржува во трудот за балканските актуелности, што го објавил во Брисел 1912 година,[34]) и во трудот за размислувањето за европската војна од балканска гледна точка, што го објавил во Софија во 1915 година.[35])

---

27 Во оригинал: „La situation des Slaves et des Roumains en Autriche-Hongrie. Les Croates. Bruxeles — Paris 1900, 136.

28 A. Drandar, Op. cit., 120.

29 Во оригинал: „La Bulgarie sous le Prince Ferdinand, 187—1908. Bruxelles 1909, 406.

30 A. G. Drandar, La Bulgarie., 269—272.

31 Ibidem, 273.

32 Во орингиналниот текст: „La question macédonienne est européenne, mais elle est, avant tout, balkanique. . ." (Ibid., 275).

33 Ibid., 275—276.

34 Во оригинал: „Actualités Balkaniques. Bruxelles 1912, 141.

35 Во оригинал: „Considérations sur la Guerre Européenne. Au Point de vue Balkanique. Sophia 1915, 144.

Во првиот труд ги третира последиците од решенијата на Ревалската средба за Македонија помеѓу англискиот крал и рускиот император и настанувањето на младотурската револуција и нејзиниот одраз во Македонија, како и политиката на балканските држави спрема Македонија. Од решенијата на Ревалската средба ја акцентира автономијата на Македонија и поволните модуси за нејзиното воведување.[36]) Тој проблем во аспектот на европската политика и со голема доза на големобугарското толкување, го разгледува А. Драндар и во вториот наведен труд.[37])

Како што се гледа од наведеното, Антон Драндар во зависност од условите во кои работел и дејствувал, различно пристапувал кон проблемот на Македонија и на македонското прашање Таа појава била во негово време карактеристична за повеќе Македонци и тоа повеќето на служба во странство.[38]) Но, сепак, кај А. Драндар набљудуваме и едно настојување поадекватно да го определи политичкото уредување на Македонија и тоа со придржување до политичкиот сепаратизам, а и со присутност на изразита доза на македонистички погледи. Во овој контекст интересно е да се спомене дека токму таквите свои становишта А. Драндар ги разработил во пообразложена и поразвиена форма во еден свој труд кој го потпишал со псевдоним. Анализата на тој труд на А. Драндар расветлува интересни страни од неговите поставки за политичкото уредување на Македонија.

4.

Во 1900 година Андон Драндар ја објавил својата книга: „По повод на едно движење во Македонија" („A Propos d'un Mou-

---

[36] A. G. Drandar, Actualités., 15.

[37] A. G. Drandar, Considérations., 94—116.

[38] Познатиот хрватски и југословенски уметник Иван Мештровиќ во своите „Спомени" („Uspomene na političke ljude i dogadjaje. Zagreb 1969) изнесува некои податоци за таа метаморфоза на македонските првенци во странство. Имено тој изнесува податоци за неговите разговори со Македонецот Димитар Ризов во Рим 1912 година, кој, според Мештровиќ во она време бил „југословенски ориентиран". По прашањето на Македонците и по македонското прашање И. Мештровиќ го изнесува следново за ставот на Д. Ризов:

„Pripovijedao mi je, kako Makedonci, govoreći objektivnu istinu, nisu ni Bugari, ni Srbi, nego makedonski Slaveni, koji govore svojim posebnim makedonskim jezikom ili narječjem... „Naš je svijet-rekao je-bio samo „Makedonski Kristrijanin", poslieje je postao, kad se razvila grčka propaganda, „Makedonski Kristijanin Slavjanin". Nama je bilo svejedno koja će nam kršćanska zemlja pomoći, da se oslobodimo od Turaka. Jas sam rodjen iz Bitolja. U Bitolju je bilo nekoliko gimnazija: turska, grska, srpska i bugarska. Nama je Slavenima bilo svejedno, u koju ćemo slavensku gimnaziju. Ja sam, na primjer, s mnogim svojim drugovima, koji su poslije postali Bugari, pohadjao srpski gimnaziju. Istina je, da su nam profesori u gimnaziji govorili, da smo Srbi, kao i onima u bugarskoj gimnaziji da su Bugari, ali smo mi u sebi mislili, a to su nam i kod kuće govorili: svejedno, neka oni pričaju, ali mi smo makedonski Slaveni kristjani... Kad smo završili gimnaziju, pošli smo u Sofiju na višu školu razumije se sa stipendijom. Mi govorimo Makedonski Slaveni, oni kažu Bugari, i tako se mi privikli. Eto, tako sam postao Bugarin...

(*I. Meštrović*, *Op. cit.* 25—26)

vement en Macédoine") потпишан со псевдонимот: А. „Брутус" (A. „Brutus"). Книгата е објавена во Брисел од познатата издавачка куќа: „Falk Fils", во која објавил и некои други свои трудови.

Клучот и толкувањето на овој негов псевдоним го наоѓаме во списокот на книгите во неговата биографија, која во 1907 година била објавена во „Leipziger Illustrirte Zeitung",[39]) и во списокот на неговите трудови во книгата — „Размислувања" („Considérations") од 1915 година, каде е точно означено дека таа книга ја издава со псевдонимот — А. Брутус.[40])

Книгата на А. Брутус (alias А. Драндар)[41]) има формат 22 × 15 и се состои од 61 страница. Во почетокот таа е придружена со предговор од 5 страници, кој го напишал авторот како што е наведено, до еден негов пријател, без да се спомене неговото име.[42]) Во предговорот А. Драндар го изнесува проблемот што сака да го третира во својата книга. Тоа е проблемот на Македонија, која во крстопатот на XIX и XX век, мошне настојчиво ја поставувала својата оправдана интенција за слободна егзистенција. А. Драндар поаѓа од обидите и напорите да се реформира Македонија, во која биле заплеткани различни интереси и тенденции. За него решението лежи во веќе прифатениот принцип за уредување на Либан, на островите Крит и Самос, кои со посредство на Силите ја обезбедиле својата автономија. Токму таква автономија според Драндар ѝ била потребна на Македонија и тоа независно дали таа зависела од врховенството на турскиот Султан. Тоа е поврзано со инсистирањето за конечно воведување на ветеното со членот 23 од Берлинскиот договор од 1878 година.[43])

Основниот лајтмотив на својата теза за политичкото уредување А. Драндар го изложува прецизно и аргументирано во натамошното излагање на својата книга. Во својот основен контекст таа е напишана во вид на трактат, со една мошне сложена композиција, со висок и образложен стил.

Во почетокот на книгата авторот ја констатира појавата еден знатен дел од европскиот печат да се занимава со тешките страдања на кои било подложено христијанското население во Македонија. Токму за да ја образложи таа негова тешка состојба, авторот се зафатил неа да ја опише и да индицира солуција во негова

[39] A. G. Drandar, La Bulgarie., 11 (Préface — VIII. A porpos d'un mouvement en Macédoine. Bruxelles 1900).

[40] A. G. Drandar, Considérations. 5 (Du même Auteur — VIII. A propos d'un mouvement en Macédoine. (Sous le pseudonyme A. Brutus). Bruxelles, 1900).

[41] Примерокот со кој располагаме е од библиотеката на познатиот големобугарски научник Љубомир Милетиќ. Тоа е одбележено на корицата со печат на неговата библиотека и со негов личен потпис. Во маргините на книгата тој правел извесни забелешки и коментари на оние места со кои не се сложувал. Тоа го констатираме според ракописот кој е идентичен со потписот на корицата на книгата.

[42] A. Brutus, A Propos d'un Mouvement en Macédoine. Bruxelles 1900 (Préface, 5—9).

[43] Ibidem.

полза. Во овој уводен дел А. Брутус (А. Драндар) истакнува дека излагањето го базира врз лични искуства, што ги стекнал престојувајќи неколку години во Македонија.[44])

Основниот појдовен момент во излагањето на својата тема авторот го надополнува со еден ретроспектив од македонската историја, на нејзините природни особености. Македонија ја смета за класична земја и по својата питорескност ја споредува со Швајцарија и ја нарекува „Швајцарија на Истокот". („. . . Une Suisse d'Orient").[45]) Според него: „. . . поставена на раскрсницата на античкиот и новиот свет, Македонија ја ужива среќната привилегија да биде во првиот ранг на човечкиот прогрес".[46]) Кон овој основен потход авторот се определува од фактот што Македонија се појавува уште во самиот почеток на историското време, кога била поставена на чело на тогашните народи и свет, со што добила и универзална репутација. Тоа е периодот на Филип и Александар Велики, кои авторот, согласно својата македонистичка концепција, ги смета достоинствени строители на античка Македонија, кога таа го осигурала својот суверенитет. Величината на тоа го гледа во грандиозната и епичната слава на Александар Македонски, во опширните простори на неговата империја. При ова го акцентира придонесот кон човечката цивилизација, посебно на Аристотел, кој бил „ѕвезда македонска", едно бесмртно име во аналите на прогресот и хуманоста.[47])

Своите македонистички погледи А. Брутус (А. Драндар) ги трансформира и на еден друг историски период, на византискиот период. Тој смета дека во овој период имало Македонци на византискиот престол, со владавината на таканаречената — „македонска династија".[48])

Со тек на времето тој набележува друга блескава ѕвезда на Македонија, која играла главна улога во ренесансата на словенското племе. Тоа биле двајцата браќа Македонци — Кирил и Методиј, кои биле предмет на еднодушно почитување во словенскиот свет.[49])

Во натамошното свое излагање А. Брутус (А. Драндар) го задржува своето внимание на појавата — Македонија силно да влијае врз интелектуалното движење во Бугарија, што се изразило особено во турскиот период, во борбата против фанариотството.[50])

---

[44] Ib., 11. Во една белешка тој истакнува исто така дека во Македонија престојувал како функционер на една странска држава три години и тоа две години на Србија и десет месеци на Бугарија. (Ibid., 15—Note de l'auteur).

[45] Ibid., 11.

[46] Во оригиналот: „. . . placée au carrefour du monde ancien et du monde nouveau la Macédoine jouissait de l'heureux privilège d'être au premir rang du progrès universel." (Ibid., 12).

[47] Ibidem, 12—13.

[48] Ibid., 13.

[49] Ibid., 13.

[50] Ib., 13.

Авторот прави премин и кон дипломатските борби изразени во Македонија во време и по Берлинскиот конгрес, со акцент на интересот на Австро-Унгарија кон работите во Македонија. За разлика од поранешните ставови, богати со луцидност, овдека авторот се отстранува од презентираното становиште и оди до констатацијата за нужноста што го принудила македонскиот народ со другите народности, да се обедини за борба против турската тиранија. Тоа, според него, било братско согласување на сите племиња и партии, за осигурување слободата на македонската земја, за независност на таа нација.[51]) Тоа го поврзува со решавањето на источното прашање, зависно од европската политика и дипломатија.

На етапите во развитокот на источното прашање А. Брутус (А. Драндар) се задржува со еден опстоен, верзирано напишан осврт. Со тоа спаѓа во редот на ретките Македонци кои низ таа призма го поставувале на разгледување аспектот на македонското прашање и тоа во самиот почеток на XX век.[52]) Тоа е придружено со мноштво историски факти воглавно од дипломатски карактер и тоа проследено во еден долг период од доаѓањето на Турците на Балканот па сè до крајот на XIX век.[53])

Во излагањето главната поента му е да ги нагласи појавите на сцената на македонското прашање, со кое се занимавал европскиот печат. Тој поаѓа од поставката дека Турција не ги спроведувала реформите, а од друга страна и европската дипломатија не го решавала ова прашање, а кое — според него — било зрело за решавање. Констатирајќи го ова, А. Брутус (А. Драндар) доаѓа до главниот пункт на своето верување, кое во суштина и претставува основен лајтмотив на неговата концепција. Тоа свое кредо, тој го потенцира на следниов начин: **„Жителите на Македонија не сакаат да бидат анексирани ни кон Бугарија, ни кон Србија, ни кон Грција; тие сакаат и тие тоа го сакаат повелително, да живеат со човечка егзистенција во една автономна држава. Нивното мото на соединувањето е: „Македонија на Македонците“.**[54])

Изнесувајќи ја оваа своја поставка авторот го замислува нејзиното реализирање во постоечките тогашни услови и односи на Високата порта кон тој проблем. Тој ја акцентира можноста тоа прашање да се реши со оглед на проширеното востаничко движење, со што неизбежноста за решавање била присутна. Затоа тој и

[51] Во оригиналот: „. . . Un accord fraternel de toutes les races et de tous les partis qui recouvrent le sol macédonien peut seul assurer la liberté de ce sol, l'indépendendance de cette nation". (Ibid., 15).

[52] Овој текст, како и претходниот е придружен во маргините со мноштво иронични забележувања од страна на Љ. Милетич. Секако тоа било направено со одредена цел.

[53] Ibidem, 17—61.

[54] Во оригинал: „Les habitants de la Macédoine ne désirent être annexés ni à la Bulgarie, ni à la Srbie, ni à la Grèce; ils désirent, et ils désirent impérieusement, vivre d'une existence humaine dans un pays autonome. Leur mot de ralliement est: „La Macédoine aux Macédoniens." (Ibidem, 56).

ги предочува компонентите на тој проблем, со кој биле зафатени и дипломатските кругови, за неговото неизбежно решавање од страна на Високата Порта. При ова тој поаѓа од веќе понапред споменатата теза дека реформирањето на Македонија треба да биде широко и со тоа немало можност да се наруши султановиот престиж. Затоа бара за Македонија да се назначи еден генерален управител и тој можело да се избере од редот на членовите на Султановата династија во Цариград и за таа цел го предлага помладиот син на султанот Абдул Хамид-Бохаредин Ефенди. (Bocharedin-Effendy). Тоа назначување требало да се изведе во согласност со Големите сили и тоа за еден рок од 5 години. Во автономната провинција требало да се опфатат вилаетите: Скопје, Битола и Солун, со овој последен град како престолнина. Кон ова се придружувало и правото на плебисцит. Со оглед на тоа што именуваниот принц бил уште млад, се предвидува можност за назначување на еден регент од некоја мала европска земја, кој ќе управувал со земјата. Со ова назначување се одбегнувал обидот за интервенција од било која странска сила. Со тоа привилегираната провинција останувала составен дел на Отоманското царство со синот на Султанот на чело на владата. Со таквото решение, смета авторот, ќе се отстранеле сите конфликти, ќе се смиреле духовите и ќе започнела нова ера не само за автономна Македонија, туку и за Турција.[55])

Во ова мошне интересно и суверено пледоаје А. Брутус (А. Драндар) доследен на своите становишта по македонското прашање изложил свое гледање за поволното решавање на македонското прашање. Тоа е базирано на едно испитано становиште, на еден приод од историска, политичка и дипломатска призма. Такви оби-

---

[55] Во оригиналот: „. . . L'avis que nous exprimons librement est que, nonobstant toutes les réformes qui pourraient être accordées à la Macédoine, la nomination d'un gouverneur général dans cette province s'impose. Il serait bon que ce gouverneur fût choici parmi les membres de la dynastie présentement régnante à Constantinople, et nous nous permettons de proposer pour ce poste élevé le jeune fils du sultan Abd-ul-Hamid, Bocharedin-Effendy.

Que celui-ci soit nommé par le sultan avec l'assentiment des grandes puissances, pour une durée de cinq années gouverneur général de toute la Macédoine qui comprend trois vilayets: Uscupe, Monastire et Sanlonique, avec cette dernière ville pour capitale. Cette nomination devra être accompangée du droit au plébiscite après les cinq années écoulées, et si le plébiscite lui est favorable, que le gouverneur général puisse devenir prince héréditaire de toute la Macédoine.

Bocharedin-Effendy étant encore très jeune, il sera sans doute nécessaire de lui adjoindre un régent appartenant à l'un des petits Etats d'Europe, qui pourra gouverner convenablement le pays. Mais il importe que la nomination du gouverneur soit en mesure d'écarter toute intervention, soit de la part de l'une ou de l'autre des puissances étrangères, soit de la part du sultan lui-même Abd-ul-Hamid.

Une pareille combinaison produirai le calme e l'apaisement. En même temps la province privilégiée deneurerait toujours partie intégrante de l'empire turc, avec un fils du sultan à la tête de son gouvernement.

C'est par ce moyen, et par ce moyen seulement, qu'on parviendra à éviter tout conflit et à pacifier les esprits. Alors commencera une nouvelle ère, non seulement pour la Macédoine autonome, mais pour la Turquie elle-même". (Ibidem., 60—61).

ди приближни на овој имало повеќе, а се јавиле особено во времето на Илинденското востание, но, вака образложен концепт, со конкретност и определеност не се наоѓа кај другите автори. Иако на моменти е непрецизен, неодреден и неконкретен, неговата теза е особено интересна за истакнување и определување на нејзиното место во историјата на македонската политичка мисла од преминот на XIX кон XX век. Од друга страна, треба да се има предвид фактот дека таа теза и е претставена на европската јавност во моментот кога македонското национално-револуционерно движење се наоѓало во својот разгор и кога со тоа се наметнало пред европската јавност и дипломатијата. Поставката на А. Брутус (А. Драндар) само претставувала еден израз на желбата да се најде правилно, реално и историски правично решение на македонското прашање. Исто така треба да се има под внимание личноста на А. Драндар, силата што ја претставувал, реалното негово барање за општествено-политичкото решение на македонскиот проблем. Со тоа, тој има значење за македонската политичка мисла во периодот на македонското револуционерно раздвижување и неговите поставки претставуваат продолжение на становиштата од 60—90 години на минатиот век. Со тоа достоинствено се крунисува целокупното негово дело, иако на моменти било опфатено со дилеми, алтернативи и несогледувања, што биле рожба на самата средина во која дејствувал.

Hristo ANDONOV-POLJANSKI

## ANTON DRANDAR ET SES OPINIONS SUR LA QUESTION MACÉDONIENNE

### (Résumé)

Dans cet article l'auteur étudie les opinions d'Anton Drandar (1837—1925), activiste macédonien, journaliste et publiciste, une personne très intelligente et très instruite de la seconde moitié du XIXe et du début du XXe siècle. Ne à Veles, Anton Drandar provient d'une famille de patriciens. Son père, commerçant distingué et une des premieres personnalités de la ville, avait tenu une place privilégiée dans ge développment du commerce avec les pays occidentaux, ce qui lui permit d'envoyer son fils s'instruire en Europe, notamenent en Hongrie, en Autriche et en Angleterre. Jusqu' en 1878, il séjourna dans plusieurs pays européens s'intéressant aux questions relatives à l'organisation politique et s'occupant de journalisme. Après 1878, on le retrouve en Bulgarie où il déploiyait une activitè de publiciste et de journaliste.

Son oeuvre de publiciste se caractérise par l'effort de dire à l'opiniom européenne quel était l'état réel des choses macédoniennes,

A cette question, il consacra dès 1867, plusieurs écrits, publiés le plus souvent à Leipzig, Paris et Bruxelles. La plupart de ses ouvrages, il les signait de son nom et prénom, mais il en fit publier également sous un pseudonyme.

Un de ces ouvrages parue sous le pseudonyme de A. Brutus, est celui gu' A. Drandar fit paraître à Bruxelles, en 1900, avec le titre de: **A propos d'un mouvement en Macédoine**. A. Drandar exposait sa thèse relative à l'organisation politique de la Macédoine. L'ouvrage a la formee d'un traité et il abonde en arguments solides qui soutiennent ses vues.

Sa position fondamentale est que dans le passé, surtout à l'époque antique (sous les rois Philippe et Alexandre le Grand), la Macédoine avait connu un développement extraordinaire qui lui permit d'être „au premier rang du progrès humain". En partant des riches traditions antiques, A. Drandar croit devoir mettre en évidence cet avantage historique de la Macédoine. Conformément à ces vues, il passe en revue les faits de l'histoire macédonienne et arrive à l'époque contemporaine où, vers le fin du XIXe siècle, se développe le mouvement de libération nationale macédonien et où la question macédonienne s'impresa de tout son poids devant l'opinion et la diplomatie européenne. Dans son exposé, A. Drandar arrive au point fondamental de ses opinions macédoniennes en affirmant d'une façon formelle: „Les habitants de la Macédoine ne désirent être annexés ni à la Bulgarie, ni à la Serbie, ni à le Grèce; ils désirent, et ils désirent impèrieusement, vivre d'une existence humaine dans un pays autonome. Leur mot de ralliement est: „La Macédoine aux Macédoniene". (A. Brutus, A. Propos, p. 56). En partant de là. il propose de créer, un Etat macédonien autonome, avec, à le tête, d'un gouverneur général nommé par le Sultan. Comme gouverneur général, il a en vue le fils du Sultan: Bocharedin Effendy. Selon lui, la nomination du gouverneur doit être approuvée par les Grandes Puissances. A. Drandar prévoit toute une série d'éléments nécéssaires à la solution proposée de la question macédonienne. Cette solution est, selon lui, très avantageuse et il forme l'espoir qu'une ère nouvelle de l'histoire de la Turque et de la Macédoine va commencer.

L'auteur du présent article considère les vues originales d' A. Drandar, comme importantes pour l'histoire de la pensée politique en Macédoine à la fin du XIXe et au début du XXe siècle.

# A PROPOS

D'UN

# MOUVEMENT EN MACÉDOINE

PAR

A. BRUTUS

BRUXELLES
LIBRAIRIE FALK FILS
15-17, RUE DU PARCHEMIN

1900

---

Faksimile na trudot na A.Brutus(A.G.Drandar)